ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2023 07 08/1

Скопје, октомври 2023 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Желино, на сметката на основен буџет (630) за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Желино, сметка на основен буџет (630) за 2009 година, во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Желино, сметка на основен буџет (630) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- поради блокирана сметка општината користи плаќања со пресметки при наплата на побарувањата и исплата на обврските, што придонесува платниот промет да се врши надвор од трезорскиот систем;
- состојбата на побарувањата не е реално прикажана, не е утврдена старосната структура на побарувањата по основ на даноци на имот и комунална такса за фирма со состојба на 31.12.2022 година, не е воспоставена евиденција за побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и надоместок за уредување на градежно земјиште;
- ажурирање на пазарната вредност на целиот недвижен имот на територијата на општината согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот не е извршено;
- планирањето на буџетот на општината не се заснова на реалните состојби и можности на општината, ниту на историските податоци за остварувањата на приходите и расходите во претходните години;
- општината не остварува приходи по основ на надоместок за јавна чистота и
- слабости при спроведување на надлежноста за управување со зеленилото.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојбите и тоа задолжувањето на општината со под-заем од Министерството за финансии и судските постапки во кои општината е тужена страна.

Во делот на Клучни ревизорски прашања ревизијата известува за настанатата состојба на финансиска нестабилност на општината.

Во делот Останати прашања, ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива, односно поради недоречености во одредени закони, кои се однесуваат на:

- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија;
- комуналната такса за користење на патиштата со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје и
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување за која не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ.

Од страна на одговорното лице на Општина Желино не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 2 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 4 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 12 |
| 5. | Клучни ревизорски прашања | 14 |
| 6. | Останати прашања | 14 |
| 7. | Законска основа за ревизијата и временски период | 17 |
| 8. | Опфат и ограничувања | 17 |
| 9. | Одговорност за финансиски извештаи | 17 |
| 10. | Одговорност на ревизорите | 18 |
| 11. | Недостатоци во внатрешната контрола | 19 |
| 12. | Одговор на ревидираниот субјект | 20 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | Error! Bookmark not defined. |
| Биланс на приходи и расходи | | 21 |
| Биланс на состојба | | 22 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед . | | 23 |
| Сметководствени политики | | 24 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | Error! Bookmark not defined. |

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ГКИС | Геодетско катастарскиот информациски систем |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| МФ | Министерство за финансии |
| НВО | Невладини организации |
| УЈП | Управа за јавни приходи |

Број: 29 – 174/13
Дата: 24.10.2023

## 1. Вовед

Општина Желино е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Подрачјето на Општина Желино е определено со Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа[2]. Согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија подрачјето на општината ги опфаќа подрачјата на населените места: Горна Лешница, Долна Лешница, Групчин, Добарце, Желино, Копачиндол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Озормиште, Палатица, Рогле, Седларево, Стримница, Требош, Церово и Чифлик.

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Општина Желино согласно член 22 од Законот за локална самоуправа ги врши работите кои се однесуваат на: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, социјалната заштита, образование, здравствена заштита, надзор над вршењето на работи од надлежност на општината и други работи определени со Закон.

[1] Службен весник на Република Македонија бр.55/04, 12/05, 98/08,106/08 и 149/14
[2] Службен весник на Република Македонија бр.05/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна 21 и 22 на Општина Желино, на сметката на основен буџет (630), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Желино за 2022 година на сметката на основен буџет (630) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Желино на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (630), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Желино, за 2022 година, на сметката на основен буџет (630), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Општина Желино во текот на 2022 година е блокирана со судски извршни решенија за наплата на неизмирени обврски, поради што дел од намирување на обврските и наплата на побарувањата, општината ги врши со пребивање

(компензација) и промена на доверител или должник – отстапување на побарување со договор (цесија). Во текот на 2022 година во сметководствената евиденција на општината се евидентирани цесии во износ од 20.154 илјади денари. Плаќањата по договори за пресметка во 2022 година учествуваат со 25% во реализацијата на вкупните приходи односно расходи на општината согласно евидентираните пресметки.
Општината продолжува со овој начин на работење и во текот на 2023 година[3], при што евидентирани се цесии во износ од 4.729 илјади денари и компензации во износ од 3.262 илјади денари.

Ваквиот начин на наплата/исплата на приходите/расходите, односно побарувањата/обврските не е во согласност со член 25 став 2 од Законот за платен промет[4] и член 173 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи[5], каде е регулирано дека буџетските корисници и единките корисници и другите субјекти кои имаат трансакциски сметки во трезорската главна книга не можат да вршат плаќања со пресметка ако имаат блокирани сметки и не е во согласност со член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[6], каде е регулирано дека признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и на буџетските корисници се спроведува според сметководствено начело на парично искажување.

Начинот на наплата на побарувањата и исплата на обврските придонесува платниот промет да се врши надвор од трезорскиот систем со што се нарушува принципот на сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите и придонесува за необјективно прикажување на побарувањата, обврските, приходите и расходите во финансиските извештаи, го нарушува принципот на редослед на извршување на извршните решенија и придонесува за нерамноправна состојба на доверителите.

Препорака
Градоначалникот на општината и општинската администрација да го напуштат воспоставениот начин на вршење на платниот промет и да обезбедат рамноправна положба на доверителите.

3.1.2. Во сметководствената евиденција на Општина Желино на 31.12.2022 година искажани се побарувања во вкупен износ од 33.993 илјади денари. Од вкупните побарувања 18.418 илјади денари се однесуваат на побарувањата по основ на данок

---

[3] Заклучно со месец јули 2023 година
[4] Закон за платен промет („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09,145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17) и Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22)
[5] Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ “ бр. 90/22)
[6] Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11)

на имот, 15.313 илјади денари побарувања за комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија и побарувања од комитенти по други основи во износ од 262 илјади денари. Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ги утврдивме следните состојби:

- за евидентираните побарувања општината нема утврдено старосна структура и дали постои законска можност за нивна наплата согласно одредбите од член 360 од Законот за облигационите односи и член 84 и 85-а од Законот за даноците на имот, каде е уредено дека правото на утврдување и наплата на данокот застарува за пет години по истекот на годината во која требало да биде утврден, односно правото на утврдување и наплата во секој случај застарува по истекот на десет години од истекот на годината во која данокот требало да биде утврден и наплатен. Наведеното придонесува за нереално искажување на побарувањата за кои наплатата е неизвесна и влијае на финансиските извештаи.

- не е воспоставена евиденција за побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и надоместок за уредување на градежно земјиште со што не се обезбедува сеопфатност, ажурност и увид во точниот износ на побарувањата по овој основ. Причина за ваквата состојба е не доставување на потребната документација (заклучок за пресметан надоместок, известување и пресметка) од страна на надлежните служби до секторот за финансиски прашања. Наведената состојба не е во согласност со член 4 и 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има влијание на реалното и објективно прикажување на побарувањата во финансиските извештаи.

Препорака

Градоначалникот и надлежните лица во Општина Желино да преземат мерки и активности за:

- утврдување на старосната структура на побарувањата по основ на даноци, такси и надоместоци и
- доставување на потребната документација (заклучок за пресметан надоместок, известување) до секторот за финансиски прашања со цел воведување на побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и надоместок за уредување на градежно земјиште во сметководствена евиденција на општината.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во текот на 2022 година по основ на даноци на имот од физички и правни лица, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности Општина Желино има остварено приходи во износ од 12.737 илјади денари. При утврдување и наплата на приходите по основ на даноците на имот ревизијата го утврди следното:

- Општина Желино нема извршено ажурирање на пазарната вредност на

целиот недвижен имот на територијата на општината согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот. Воспоставена е пракса на тековно ажурирање на пазарната вредност за даночните обврзници кои извршиле купопродажба на имот, промена на сопственост на имот во постапки при наследство и подарок и во постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Наведената состојба не е во согласност со член 5 од Законот за даноците на имот, согласно кој основицата за данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена согласно Методологијата, а ревизија на пазарната вредност на недвижниот имот се врши на секои четири години[7]. Не ажурираниот регистар на даночни обврзници создава можност од нереално утврдени и наплатени приходи по основ на данок на имот.

- Од страна на Советот донесена е Одлука за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, утврдување на зоните по населени места на општината и минималните цени на градежното земјиште за исплата на данокот на промет на недвижностите на подрачјето на Општина Желино[8] и Одлука за утврдување на цени за ревалоризација на земјиштето за проценка на недвижноста, за исплата на данок на промет на недвижностите во подрачје на Општина Желино[9] кои не се усогласени со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот[10] во однос на начинот на пресметување на пазарната вредност на градежното и земјоделско земјиште. Пресметувањето на пазарните цени на градежното и земјоделско земјиште во 2022 година се врши по цени утврдени со наведените Одлуки иако со Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот е регулирано пазарната вредност на градежното и земјоделско земјиште да се утврдува секоја година според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето. Во текот на 2023 година преземени се активности за носење на нова Одлука за критериуми за определување на зони во Општина Желино[11], која до периодот на вршење на ревизијата не е усвоена од страна на Советот на општината.
- Во текот на 2022 година не се преземаат мерки за наплата на ненаплатените побарувања по основ на данок на имот што не е во согласност со член 54 од Законот за даноците на имот според кој за пристигнатиот даночен долг, паричните казни и каматите кои даночниот обврзник не ги платил

[7] Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.151/21), со важност од 01.01.2022 година
[8] бр.7-3592/3 од 02.11.2011 година
[9] бр. 07-93/7 од 27.01.2011 година
[10] Службен Весник на Република Македонија бр.54 од 2012 година, бр. 17 од 2013 година, бр. 21 од 2013 и бр.142 од 2014
[11] 18-та седница на Совет од 28.04.2023 година, 19-та седница на Совет од 31.05.2023 година и 20-та седница на Совет од 27.07.2023 година

доброволно во пропишаниот рок, од страна на општината се доставува писмена опомена на даночниот обврзник за да ги плати даночниот долг, паричните казни и каматата во рок од осум дена од денот на доставувањето на опомената. Исто така за ненаплатен долг по основ на данок на имот од претходни години за кои се доставени опомени во 2022 година не се продолжени мерки за присилна наплата, што не е во согласност со член 16 од Законот за комуналните такси и член 53 од Законот за даноците на имот.

- Општината при наплата на даноците на имот не пресметува и наплатува камата за износот на данокот кој не е платен во пропишаниот рок назначен со решението со кое е утврден износот на данокот. Ваквиот начин на работа не е согласно член 79 од Законот за даноците на имот.

Наведените состојби имаат влијание на точноста на утврдените и наплатени приходи по овие основи, што влијае на солвентноста и ликвидноста на општината.

Препорака

Градоначалникот во соработка со надлежните служби на општината да преземат мерки и активности за:

- целосно ажурирање на регистарот на недвижен имот и
- присилна наплата на побарувањата по основ на даноци на имот кои не се платени во законски утврдените рокови и пресметка на камата за износот на данокот кој не е платен во пропишаниот рок.

3.2.2. Процесот на буџетирање е спроведен врз основа на донесен буџетски календар од страна на Советот на Општина Желино кој ги регулира роковите за планирање и донесување на буџетот, со дефинирани носители на конкретна активност. Со извршениот увид во актите и документацијата за негово донесување, ревизијата го констатира следното:

- планирањето на буџетот не се заснова на реалните состојби и можности на општината, ниту на историските податоци за остварувањата на приходите и расходите во претходните години. Ребалансот на буџетот се прави само при обезбедување на потврда за трансфер на средства од соодветна институција, а не доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, што не е во согласност со член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- не е обезбедена транспарентност во процесот на изготвување и донесување на буџетот за 2022 година преку организирање на јавни расправи, трибини, собири на граѓани, и други активности и форми за обезбедување на потребни информации и податоци за потребите на граѓаните, што не е во согласност со член 3 од Законот за буџетите[12];

[12] Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 151/21 и 87/22

- Планот на програми за развој за 2022 година е донесен заедно со Буџетот за 2022 година, што не е во согласност со член 21-б од Законот за буџетите, каде е уредено дека градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој и ги доставува до Советот на усвојување најкасно до 20-ти октомври, а Советот ги одобрува најкасно до 15-ти ноември во тековната година и истите се составен дел на предлог буџетот за наредната година. Планот на програми за развој содржи само една развојна програма[13] и истиот не е изготвен на начин предвиден со Основните насоки за подготовка на буџетите на ЕЛС и член 23 точка 1, 5 и 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Планот не претставува среднорочен приказ на програмите кои се наменети за развојни инвестиции, не ги прикажува изворите на финансирање, со детално образложение на планираните активности за наредните години, резултатите од имплементација на истите и мерливи индикатори преку кои ќе се вреднуваат остварените резултати од реализација на активностите предвидени со развојните потпрограми. Буџетот без целосен План на програми за развој создава услови за субјективност во планирањето и менаџирањето со средствата потребни за реализирање на проекти во подолг временски период.

Препорака

Градоначалникот на општината да ги преземе следните активности:

- при изготвување на буџетот, планирањето на буџетските приходи и расходи одделението за буџетска координација, сметководство и плаќање да го извршува на реалните состојби и можности, врз основа на историски податоци и податоци за остварувањата во претходните години;
- да се следи извршувањето на буџетот и со ребалансот да се надминуваат отстапувањата во планираните и реализираните приходи и расходи;
- во постапката на донесување на буџетот да се организираат јавни расправи во функција на транспарентност на постапката и
- подготвување на Предлог план на програми за развој усогласен со Циркуларот на Министерството за финансии со кој се утврдени елементите, упатствата и насоките за изготвување на предлог буџетот и да го достави на одобрување до Советот на општината во законски утврдениот рок.

3.2.3. Согласно член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Градоначалникот има обврска до Советот на општината да доставува Годишен извештај. Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;
- извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност;

[13] ЈДБ- Бекатонизирање на улици

- извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и
- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

Годишниот извештај за 2022 година градоначалникот го доставил до Советот на општината но истиот не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка, што не е во согласност со член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

На веб страната на општината не се објавени  кварталните извештаи, што не е во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа каде е предвидено дека во рок од пет дена од денот на усвојувањето на кварталните извештаи градоначалникот на општината ја известува јавноста со објавување на извештаите на веб-страницата на општината или доколку не се усвојат се објавуваат и причините за неусвојување на истите.

Исто така, на веб страната не е објавена ниту годишната сметка, што претставува обврска предвидена со член 29 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е регулирано дека буџетите и буџетските корисници се должни завршните сметки да ги објават на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на завршните сметки до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар.

Не изготвување на комплетен извештај за работењето на општината и необјавување на кварталните извештаи и годишната сметка на веб страницата на општината ја намалува транспарентноста на работењето на општината и придонесува советниците, граѓаните и другите засегнати страни да не се информирани за реалните состојби во кои се наоѓа општината, што влијае на донесувањето на одлуките од страна на Советот.

## Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности:

- годишниот извештај за работењето да се изготвува и доставува до Советот согласно пропишаната форма и содржина, при што покрај другите податоци и обрасци да содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските, изворите на средства и нивната вредност и извештај од одговорниот сметководител и
- за објавување на кварталните извештаи и годишната сметка на веб страната на општината.

3.2.4. Во 2022 година остварени се приходи од комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија во износ од 2.605 илјади денари. Со увид во документацијата, ревизијата го утврди следното:

- Од страна на Општина Желино доставено е барање[14] до Централен регистар на Република Северна Македонија со цел обезбедување на ажурирани податоци, заклучно со јануари 2021 година за правни и физички лица вршители на дејност, врз основа на што базата на податоци за 2022 година е ажурирана;
- решенија за комуналната такса за фирма се издадени во месец април 2022 година, што не е во согласност со член 11 од Законот за комунални такси со кој е уредено дека Градоначалникот на општината според податоците од состојбата на 1 јануари секоја година, за секој обврзник одделно со решение во рок од 30 дена го утврдува износот на таксата што треба да се плати;
- облогот за 2022 година во софтверот за администрирање со локални даноци и такси изнесува 2.312 илјади денари со издадени 424 решенија за комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија;
- во текот на 2022 година не се доставени опомени за неплатен долг, што не е во согласност со член 16 од Законот за комуналните такси и член 54 од Законот за даноците на имот. Присилна наплата е извршена во 2022 година, но по основ на дадени 340 опомени во 2021 година, за долг во износ од 8.634 илјади денари и
- Општината при наплата на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија не пресметува и наплатува камата за износот кој не е платен во пропишаниот рок назначен со решението со кое е утврден износот на комуналната такса. Ваквиот начин на работа не е согласно член 79 од Законот за даноците на имот.

Наведените состојби имаат влијание на точноста и целосноста на утврдените и наплатени приходи по овие основи, што влијае и на ликвидноста на општината.

### Препорака

Градоначалникот на Општина Желино во соработка со стручните служби од Одделението за администрирање на даноци и такси да преземат мерки и активности за редовно доставување на опомени за неплатен долг, продолжување со присилна наплата на заостанат долг и пресметка на камата за износот кој не е платен во пропишаниот рок.

[14] бр.14-03/2-3 од 20.01.2023 година

3.2.5. Со извршената анализа и увид во доставената документација и донесените акти за начинот на остварување на јавната услуга за одржувањето на јавната чистота, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Општина Желино не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавната чистота и истите ги нема планирано во Буџетот за 2022 година. Одржувањето на јавната чистота на подрачјето на Општината го врши ЈКП „Мирмбајтја“ врз основ на донесена Програма за одржување на јавна чистота, усвоена од Советот на Општината, која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, буџет и финансирање и надзор над извршените работи. Во рамки на програмата е утврдена цена за одржување на јавна чистота за површина во $м^2$, без да биде утврдена поединечна цена на секоја од активностите за одржување на јавната чистота (метење на улици, сечење на дрва, собирање и транспортирање на отпадот до општинската комунална депонија, отстранување на стаклен и градежен шут).

- Висината на надоместокот за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општината е утврдена со Одлука на Советот за утврдување на висината на надоместокот за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Желино[15].

  Јавното претпријатие врши наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота преку доставување на сметки до корисниците и наплатените средства не ги уплаќа на сметката на Буџетот на Општината што не е во согласност со член 25 од Законот за јавна чистота каде е предвидено дека наплатените средства од надоместокот за одржување на јавна чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота. Овие средства јавното претпријатие треба да ги уплатува на сметката на буџетот на Општината, а за извршената услуга за одржување на јавна чистота да фактурира и бара наплата од општината.

  Општина Желино нема преземено мерки и се нема обратено до ЈКП за наплатата на овие средства и не трансферираните средства по основ на надомест за јавна чистота имаат влијание на реализацијата на Програмата за одржување на јавна чистота.

  Во текот на ревизијата по доставено Барање од страна на Општината добиено е Известување дека за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2022 година, ЈКП по основ обврска за надоместок за одржување на јавна чистота должи на Општината средства во вкупен износ од 3.897 илјади денари.

- Општина Желино нема склучено Договор за уредување на односите со јавното претпријатие, со кој поединечно ќе се уредат правата, одговорностите и овластувањата, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавни претпријатија. Општината не врши надзор во однос на обемот и квалитетот на извршените работи од страна на ЈКП.

[15] 07-1059/5 од 26.09.2013 година

Утврдените состојби влијаат за помалку остварени приходи на општината по основ на надомест за одржување на јавна чистота а не преземените мерки за уредување на односите со ЈКП имаат влијание на квалитетот и обемот на јавните услуги кои ги дава истото на граѓаните.

Препорака

Надлежните органи на Општина Желино да преземат мерки за:

- редовно следење на наплатата на надоместокот за јавна чистота и реализацијата на Програмата за одржување на јавна чистота;
- склучување на договор помеѓу општината и ЈКП за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на активностите и
- надзор над реализација на програмата од страна на инспекторатот на општината.

3.2.6. Од извршениот увид во доставената документација и донесените акти во рамки на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото утврдена во Закон за урбано зеленило[16], ревизијата ги утврди следните состојби:

- Советот на Општина Желино нема донесено Стратегија за развој на зеленилото, која ги дава насоките за креирање на планските решенија во делот на зеленилото при изработката на сите планови и проекти во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило и Одлука за зеленило, што не е во согласност со член 12 од Законот за урбано зеленило;

- Општина Желино не остварува приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило, ниту ги има предвидено во буџетот за 2022 година, што не е во согласност со член 39 од Законот за урбано зеленило. Причина за ваквата состојба е тоа што Советот на општината нема донесено одлука за утврдување на висината и начинот на распределбата на средствата за вршење на комуналните дејности (одржување на јавно градско зеленило), што не е во согласност со член 23 и 28 од Законот за комуналните дејности[17];

- за спроведување на надлежноста, советот на Општина Желино има донесено Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото, во која е утврдена површината на зеленило што ќе биде подигнато и одржувано, но не е утврден видот, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост, што не е во согласност со член 5 од Законот за урбано зеленило.

Недонесениот стратешки документ за развој на зелените површини во Општина Желино како и неостварување на приходи по овој основ има влијание на

[16] „Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 11/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20

[17] „Сл. Весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20

подигнување на нови зелени површини како и на одржувањето на постојните површини.

Препорака
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:
- донесување на Стратегија за развој на зеленилото и Одлука за зеленило;
- донесување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одржување на јавното градско зеленило и
- донесување на Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленило со вид, динамика на подигање и начин на одржување на зеленилото и создавање на услови за нејзина имплементација.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Согласно Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, на 05 септември 2016 година склучен е Договор за заем бр.8561 МК помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Република Северна Македонија. Врз основ на овој договор Министерството за финансии и Општина Желино имаат склучено два договори за под-заем и тоа: Договор за под-заем бр.02 за проект реконструкција на локален пат во с. Групчин, реконструкција на локален пат во с. Ново село, изградба на локален пат 2-а во село Желино, реконструкција на училишен објект во село Платица ОУ„Фан Ноли“ Требош, реконструкција на училишен објект во с. Групчин „Пашко Васа“и реконструкција на училишен објект во с. Ларце ОУ „Раметула Амети“[18] и Договор за под-заем бр. МСИП/41 за Реконструкција на улица и изградба на атмосферска канализација во Општина Желино.[19]
За долгорочно задолжување на Општина Желино согласно договор за подзаем бр.2 донесена е Одлука на Советот на Општината[20] за давање на согласност за реализација на капиталниот проект во вкупен износ од 29.680 илјади денари, од кои по пат на долгорочно задолжување ќе се обезбедат 21.000 илјада денари, а 8.680 илјади денари ќе се финансираат од буџетот на Општина Желино. Министерството за финансии има дадено Согласност за задолжувањето[21] на износ од 21.000 илјади денари, за кој износ е склучен и договорот за под-заем.
За изведување на градежните работи Општината има склучено Договор[22] во вредност од 24.622 илјади денари и Анекс кон Договорот за непредвидени и дополнителни работи со проектот во износ од 7.069 илјади денари.[23] Заради

[18] бр. 09-1265/6 од 05.09.2018 година
[19] бр.08-1755/9 од 25.12.2019 година
[20] Бр.08-244/3 од 14.02.2018 година
[21] бр. 09-1265/5 од 30.08.2018 година
[22] Договор бр.09-1803/9 од 25.03.2019 година
[23] Анекс кон Договорот бр.09-1265/7 од 10.10.2019 година

наведеното донесена е Одлука на Советот на Општината[24] за задолжување со дополнителни средства во износ од 9.475 илјади денари, за кои Министерството за финансии има дадено Согласност за задолжувањето[25], за кој износ е склучен и Анекс кон Договорот.

Исто така, од страна на Советот донесена е Одлука за давање на согласност за задолжување од Светска банка[26] за реализација на капиталниот проект „Реконструкција на улица и изградба на атмосферска канализација". Министерството за финансии има дадено Согласност за задолжување[27], по што е склучен Договорот за под-заем на износ од 13.876 илјади денари. За реализација на реконструкцијата склучен е Договор[28], на износ од 13.562 илјади денари.

Со извршениот увид во склучените договори за под-заем утврдивме дека вкупниот период на доспевање на под-заемот бр.02 е 10 години, вклучувајќи 3 години грејс период, додека пак вкупниот период на доспевање за под-заемот бр. МСИП/41 е 15 години, вклучувајќи 3 години грејс период. Каматата што ја плаќа заемопримачот - корисник на под-заемот се пресметува со каматна стапка која е еднаква на каматната стапка со која се пресметува каматата што заемопримачот –МФ и ја плаќа на Светска банка. Датумите на плаќање на каматата и главницата се 15 март и 10 септември за под-заем бр.02 и 10 февруари и 10 август за под-заем бр. МСИП/41. Утврдено е под-заемот да се отплаќа според утврден амортизационен план, а Министерството за финансии да го известува заемопримачот за износот кој треба да се префрли на сметката најмалку 15 дена пред датумот на плаќање. Доколку заемопримачот не обезбеди доволно средства за целосно и навремено сервисирање на кредитните обврски, МФ има право да пренасочи средства од буџетската сметка на заемопримачот на сметката на МФ, до износот што е потребен за сервисирање на обврската на заемопримачот и да задржи дел од дотациите од централниот буџет на Република Северна Македонија кои треба да се распределат на општината – заемопримач.

Ревизијата смета дека треба да се обелодени дека на 10.09.2022 и 10.03.2023 година достасани се ратите од под-заемот за реализираниот проект МСИП/41 во вкупен износ од 3.047 илјади денари, како и две рати од под-заемот бр.2 достасани на 10.02.2023 и 10.08.2023 година на вкупен износ од 1.354 илјади денари. Исплатата на под-заемот дополнително ќе влијае на ликвидноста на буџетот на Општината во иднина.

4.2. Обрнуваме внимание дека по основ на судски постапки според добиените податоци Општина Желино е тужена странка од физички лица во вкупен износ од 229 илјади денари. Станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, поради што

---

[24] бр.08-1148/3 од 15.1.0.2019 година
[25] бр.15-9324/2 од 17.12.2019 година
[26] бр.07-1534/4 од 10.11.2014 година
[27] бр.08-1755/1 од 16.1.22014 година
[28] бр.09-747/2 од 19.05.2015 година

постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на Општината во идниот период.

## 5. Клучни ревизорски прашања

Сметката на Општина Желино од месец септември 2022 година е континуирано блокирана со судски извршни решенија за наплата на неизмирени обврски. На крајот на 2022 година во својата сметководствена евиденција Општината има евидентирано неизмирени обврски за кои има извршни судски решенија во износ од 54.030 илјади денари. Согласно дописот добиен од страна на МФ сектор трезорот, заклучно со 22.06.2023 година сметката на Општина Желино е блокирана за вкупен долг од 61.555 илјади денари.

Ревизијата истакнува дека од месец март 2023 година Општина Желино е во состојба на финансиска нестабилност[29], поради тоа што сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци, а во период од шест месеци, континуирано секој месец со состојба на крајот на месецот, вкупниот износ на неизмирените обврски над 60 дена надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет во претходната година. До денот на ревизијата континуирано се спроведуваат постапки за јавни набавки со кои се зголемуваат финансиските обврски и се финансираат нови капитални проекти.

Градоначалникот на општината ги нема известено Советот на општината и Министерството за финансии за настанувањето на финансиската нестабилност и нема доставено до Советот на општината Предлог - План на мерки за надминување на финансиската нестабилност. Врз основа на доставен Предлог - План Советот на општината треба да го усвои Планот за мерки за надминување на финансиската нестабилност и истиот да го достави до Министерството за финансии заради информирање.

Заради настанатата состојба на блокирање на сметката на општината, врз основ на Барање на Општина Желино на 30.06.2023 година Општината има добиено Решение ИДС -39/23 од Основен суд Тетово за определување на месечни минимални средства за вршење на основната дејност на општината врз кои не може да се спроведе извршување од страна на трезорската сметка при Народна банка на Република Северна Македонија. Со Решението се обезбедени средства за функционирање на Општината додека трае постапката за извршување во износ од 4.478 илјади денари.

## 6. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденува системските слабости кој имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување

[29] член 39 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

**Комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила**

6.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за градот Скопје. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно. Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да извршат увид во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ. Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

**Комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување**

6.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши ЕВН трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините. Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни. Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

### Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот

6.3. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција. Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на АКН, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во Градот и Општините во Република Северна Македонија, даночните обврзници се евидентирани по единствен даночен број или единствен матичен број на граѓанин, а во Геодетско катастарскиот информациски систем на АКН се заведени по катастарска општина и катастарска парцела. За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, АКН).

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 08.05 до 14.07.2023 година, кај Општина Желино на сметката на основен буџет (630) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Општина Желино, сметка на основен буџет (630), за 2009 година при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беа предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Желино застапувана од:

- м-р Блерим Сејди, градоначалник на Општина Желино од 03.11.2017 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или

поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на општината, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени

проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 11. Недостатоци во внатрешната контрола

11.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на утврдување и наплата на приходите, а со цел да се утврди дали истиот е дизајниран и функционира согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, поради неговото влијание за усогласување на работењето со законите и другите прописи, ревизијата го констатира следното:

- не е донесена процедура за работа со која ќе се обезбеди функционирање, следење, развој и финансиско управување и контрола во процесот на администрирање со надоместокот на уредување на градежно земјиште и на комуналната такса за истакнување фирма, односно назив на деловна просторија и
- не постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените при пресметка, евидентирање и наплата на приходите, односно едно лице извршува последователно неколку активности на извршување и воедно контрола во процесот.

Овие состојби не се во согласност со член 7 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола каде е предвидено постоење на пишани процедури и процедури за поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување,

сметководство и контрола што создава ризик од нецелосно, неточно и ненавремено утврдување и наплата на приходите.

Препорака

Градоначалникот на Општина Желино да преземе мерки и активности за изготвување и носење пишани процедури и сегрегација на должностите, одговорности и поделба на должностите на вработените во процесот на утврдување, следење и наплата на приходите за кои е надлежна Општината.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Желино одржан на ден 17.08.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Општина Желино не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Општина Желино
Сметка на основен буџет (630)
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 26.778 | 29.205 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 3.091 | 812 |
| Капитални приходи | 3.3. | 4.096 | 6.519 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 45.323 | 57.765 |
| **Вкупно приходи** | | **79.288** | **94.301** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 27.053 | 24.548 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 20.587 | 26.706 |
| Каматни плаќања | 3.5.3. | 32 | 94 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 1.359 | 2.065 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 50 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **49.031** | **53.463** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **27.011** | **35.631** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **3.106** | **2.878** |
| **Вкупно расходи** | | **79.148** | **91.972** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **140** | **2.329** |

Општина Желино
Сметка на основен буџет (630)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2022 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 140 | 2.329 |
| Побарувања | 4.1.2. | 33.993 | 37.900 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.3. | 149 | 149 |
| Вкупно тековни средства | | 34.282 | 40.378 |
| Вкупна актива | | 34.282 | 40.378 |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 34.282 | 40.378 |
| Вкупно краткорочни обврски | | 34.282 | 40.378 |
| Вкупна пасива | | 34.282 | 40.378 |